# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Седмото продолжение на Сто седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јули 2002 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 17,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на точка 23 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторски права и сродните права, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторски права и сродни права.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, за гласаа 50 пратеници, воздржано гласаа 5 пратеници, против гласаа 4 пратеници.

Со оглед на тоа дека има преку 70 пратеници во салата, констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се прересе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале, повторно не гласале сите, гласале 60 пратеници, за гласале 50 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 7 пратеници,

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господин Илија Илоски бара збор.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас се јавувам за кратка дискусија и коментар по Предлогот на законот за измена и дополнување на Законот за авторски права, како член на Комисијата за култура и воедно сакам да ги соопштам ставовите на пратеничката група на СДСМ. Значи воедно сакам да ги соопштам ставовите на пратеничката група на СДСМ по однос на предложениот законски текст. Не е добро што денеска на оваа седница по овој круцијален закон во сферата на културата не присуствува министерот за култура...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Заменикот присуствува.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Добро, јас реков министерот и знаев што реков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има легален орган овде.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Несомнено е значењето на највисокиот домен на човековите права и слободи именувани како права, што произлегуваат од творештвото, независно дали е тоа авторско или репродуктивно. Тие се највисок израз на остварување на било кое друго човеково право, пред се правото на мисла, на определување и изразување.

Денес сме сведоци дека на овие права им се поставува значајно место во развиениот свет како своевиден цивилизациски феномен со многуслојно, научно, уметничко, безбедносно, социолошко, па ако сакате и економско значење. Можеби и од тука големиот број на норми, пред се, на меѓународно ниво, што ја регулира оваа област, заради поефикасна и посинхронизирана заштита на сите овие наброени права. Се разбира, дека техничката и технолошката експанзија секојдневно наметнува нов начин и форма на незаконско користење, т.е. популарно во народниот жаргон наречено пиратирање на овие права, што се на штета, не само на нивниот сопственик и не само на штета на нивниот краен корисник, туку и на општеството во целина. Од тука, регулативата за остварување и заштита на овие права на светско ниво речиси една од оние кои најчесто се унапредуваат, надополнуваат односно се менуваат.

Република Македонија како долгогодишна членка на релевантните меѓународни организации и асоцијации, согласно со својата позиција и меѓународна ориентација, а со респект кон творците и

нивното творештво, природно треба да биде во тек со современата меѓународна правна регулатива. Затоа, секоја промена во македонското национално законодавство би требало да ги уважува и овие меѓународни правни решенија. Навистина, претседателе, нема услови да се работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина, ве молам, дајте да му овозможиме на господинот Илија да заврши, па така и ние побрзо ќе завршиме. Немојте да довикувате.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас, навистина ја разбирам нервозата на пратениците да сакаме побрзо да си одиме, меѓутоа бидејќи се работи за клучен законски текст, дозволете да го искажеме нашето мислење. Значи, секоја промена во националното законодавство би требало да ги уважува овие претходно спомнати меѓународни правни решенија.

Од тука, во принцип треба да се поддржат и предлозите содржани во овој Предлог - закон за измена и дополнување на Законот за авторски права. Но, за жал, по повод и овој предлог - закон, мора да се констатира една состојба кога на површина излегуваат некои алармантни слабости во креирањето и спроведувањето, пред се, на политиката, особено во секторот на културата, што предизвикува посериозни штети и последици пред се и на севкупниот национален интерес. За што конкретно се работи?

Дозволете да се задржам на конкретниот коментар по однос на предложениот текст на законот, накусо да укажам и да потсетам на некои од слабостите кои ги спомнав, а кои стануваат веќе стил односно принцип за работа кај нашата извршна власт.

Прво, би се задржал на постапката за менување на законот за авторски права. Неодамна, да ве потсетам на многу помпензен, но релативно по мене скап начин, со големи реклами се објави сериозно менување на законот со преку десетици и десетици измени и дополнувања. Иако, морам да ве потсетам, колеги пратеници, дека Законот е донесен дури пред седум години, што е оценет како исклучително современ и солиден, иако во Министерството за култура како надлежен орган за спроведување на овој закон, се востановени посебни служби за стручно и аналитичко, инспекциско следење и санкционирање на неговите прекршители. Бевме сведоци и констатиравме, а и од меѓународниот мониторинг колку малку кај нас се почитуваат авторските права, а особено и скоро воопшто и не се почитуваат сродните права. Значи, да се вратам на поентата, помпензно се најави опсежна промена на Законот, но без елементарна анализа или било какво согледување за проблемите околу неговото поцелосно заживување. Се одржаа безброј работилници, конференции, советувања, трибини, дури и телевизиски. Се отпечатија илјадници страници материјал без елементарна стручна анализа односно стручно аналитичко согледување што и зошто некој во законот нешто треба да менува. И овој пат, како и за промената на Законот за заштита на спомениците на културата на јавноста неодговорно и се фрли тема за секирации и докажување и истоштување, а не знаеме зошто. За денес како епилог, еве на оваа последна наша денешна собраниска седница, пред нас да го имаме текстот за измена на речиси само една страничка на Законот за авторски права, толку колку, за жал, преку весниците укажуваа нашите малубројни експерти од оваа област кои што оваа власт не само што не ги консултираше, барем во рамките на тие бројни состанчења, туку и ги избрка од Министерствоот за култура, заменувајќи ги со некои понекомпетентни од нив. Па така, за жал, со најдобронамерна финансиска помош на странските фондации, на грбот на овој народ и на сметка на неговиот образ, без знаење и би рекол без елементарно чувство на одговорност, предлагачот на овој текст, така за жал, и со тие најдобронамерни финансиски помошти што се добија од странство, Владата, реков, без елементарно чувство на одговорност се дрзна да го менува овој закон само во неколку негови одредби, без притоа да ги консултира експертите што работеле на тој закон и без претходно да се запраша зошто токму таа извршна власт не ги спроведувала одредбите од тој закон, кој беше признат и оценет од европските експерти уште во фазата на негово претходно донесување.

Дозволете накратко да дадам некои оценки за состојбите во оваа област, каде што, за жал, може да се констатира, ниту ние, ниту македонската јавност, ниту по повод менувњето на Законот, не бевме запознати со овие конкретни состојби. Некои штури податоци за минимален број поднесени пријави или број на договорени состаноци со други државни органи, не може да се прифати како сериозна политика на најодговорниот државен орган што ја регулира оваа област, а уште повеќе како дел од Владата на

Република Македонија се јавува како директен, би рекол поттикнувач на прекршувањето на овој закон, со што тој и покрај јавните предупредувања и укажувања упорно и натаму го прекршува.

Јас мислам и колку да се менува текстот на овој закон, дека и понатаму ако не се применат одредбите и санкциите од веќе постојниот закон, навистина хаосот во оваа сфера, ќе продолжува и понатаму.

Сега, се прашуваме, дали може истиот овој орган, што не ги извршувал одредбите за санкционирање на прекршителите на овој закон, има кредибилитет да ги гони тие прекршители, кои самите го прекршуваат Законот. На пример, Владата противзаконски се јавува како продуцент на музички спотови. Па, тоа го нема никаде во светот. На пример, користи пиратски компјутерски програми. Тоа никаде го нема во светот. Менува авторски дела без дозвола на самиот автор. Има неколку случаеви, па дозволете во интерес на времето да не се задржувам на нив. Финансира проекти без регуларни и регулирани авторски права и тн. Впрочем, не се ниту за поставување небулозните изјави на носечки кадри во ова министерство и нивните рецепти за демократија и владеење на правото околу почитувањето на Законот, дадени во стилот, на пример, Законот ќе се менува, па следувало дека и не треба да се почитува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ја прекинам седницата.

Невозможно е вака да се работи. Ве молам, тишина.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Како пример конкретен за ова што претходно го говорев би навел само неколку забрани од страна на Министерството за внатрешни работи за забрана на концерти, за кои нема дозвола од Здружението на автори и многу други такви.

Дозволете, сега попрецизно и поконцизно околу самиот Предлог за измени на Законот. Би кажал, иако предлагачот се свел речиси само на една измена, за жал и во овој бескрвен кус текст неодминливи се илустрациите на површниот период кон оваа материја и неговото застрашувачко незнаење. Така на пример, во причините за донесување на Законот е наведено дека постојниот Закон ги задоволувал минималните стандарди утврдени со трипс договорот и констатацијата не само што не е точна, туку е и спротивна што не е неточна, туку е и спротивна.

(Навистина овде вака не може да се работи).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Еве имам уште половина страница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете господине Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Нема услови. Видете, претседателе, на овој законски текст навистина

имавме многу сериозен пристап и на два пати за жал, се одлагаше Комисијата за култура поради немање на кворум. Жалосно е што во директна постапка и на последната седница доаѓа на дневен ред кога гледам дека 95% од пратеничкиот состав не ги тангираат овие одредби.

Меѓутоа, овде имаме пратеник, еве на пример Војо Стојановски кој го тангира и кој губи големи пари затоа што овој закон не се почитува. Би било коректно пратениците да ме слушаат, без разлика како ќе одлучат да гласаат или не.

Значи, утврдена е состојбата дека и постојниот закон ги задоволува минималните стандарди утврдени со трипс договорот.

Исто така, во предлогот за скратена постапка за донесување на овој закон стои дека измените и дополнувањата не се обемни и сложени што од нормативно техничка природа е точно. Но, предлагачот никаде не зборува како мисли да се реализираат овие измени во практиката, што е и те како сложена и обемна работа.

(Негодување од страна на пратениците).

Добро, ќе се откажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ја прекинуваме седницата, доста е веќе.

Ќе се видиме на приемот.

(Седницата прекина со работа во 17,20 часот.)